Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
KËSHILLI BUXHETOR GJYQËSOR

Ул.“Македонија“бр.5,1000 Скопје|тел. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk
Rr."Makedonia"nr.5,1000 Shkup/tel. 02/3218-136 sudskibudzet@ssrm.mk

Бр.Nr 02-738/20-2
14.03.2024
Скопје/Shkup

# З А П И С Н И К
# ОД ДВЕСТЕ И ДВАЕСЕТТАТА ИТНА СЕДНИЦА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ
*одржана на ден* 12.02.2024 *година*

Преку конференциска врска со употреба на интернет аликацијата ZOOM на седницата присуствуваа: Претседателката на Судскиот буџетски совет на Република Северна Македонија – Весна Дамева, Претседателката на Врховниот суд на Република Северна Македонија – Беса Адеми, Претседателот на Управниот суд – Бурим Сејдини, Претседателот на Апелациониот суд Гостивар – Беким Мехмеди, Претседателот на Апелационен суд Битола – Петре Србиновски, Претседателката на Апелациониот суд Скопје – Мери Дика Георгиевска, Претседателот на Апелациониот суд Штип – Тони Делев, Претседателот на Основен суд Тетово – Хасан Асани, Претседателката на Основен суд Свети Николе – Лилјана Додевска и Државниот советник за судски буџет – Силвија Јаневска.

На седницата не присуствуваа: Министерот за правда – Кренар Лога, Директорката на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев” – Наташа Габер Дамјановска и претставникот од Министерството за финансии – Тоше Пановски.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателката на Судскиот буџетски совет – Весна Дамева.

Седницата започна со работа во 14:00 часот.

На почетокот на седницата Претседателката на Судскиот буџетски совет констатира дека има кворум за работа.

На седницата беше предложен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. **Разгледување на известување од Управен суд Су-09.бр.0302-32/12-6 од 08.02.2024 година;**
2. **Разно.**

Членовите на Судскиот буџетски совет едногласно го усвоија предложениот дневен ред, по што се премина на работа по првата точка од дневниот ред.

**1. Разгледување на известување од Управен суд Су-09.бр.0302-32/12-6 од 08.02.2024 година.**

Претседателката на СБС објасни дека со дописот од Управниот суд под горенаведениот број, судот известува за хронологијата за превземените активности за спроведување на групната јавна набавка на системи за аудио и аудио видео снимања на судските рочишта, како и за одговорот на единствениот понудувач за причините за зголемување на понудената цена во однос на проценетата вредност на набавката. Претседателката на СБС потсети дека на претходната седница известила дека согласно дописот на Управен суд Су-03.бр.0302-32/23-2 од 05.02.2024 година понудената цена е повисока од проценетата цена за износ од 2.514.317 денари.

Претседателката на СБС отвори дискусија во врска со точката, по што најпрво му даде збор на Претседателот на Управниот суд.

Претседателот на Управниот суд потсети дека најпрво со одлука на СБС за спроведување на постапката за групна јавна набавка бил определен АС Битола, кој поради објективни причини не можел тоа да го направи, поради што со одлука на СБС било определено оваа постапка да ја спроведе Управниот суд. Претседателот на Управниот суд посочи дека по усвојување на ваквата одлука, била формирана работна група од информатичари од судовите со задача да ги утврдат техчничките параметри на тендерската документација, бидејќи тие лица се најупатени во делот на техничкото опремување за аудио визуелно снимање на судските расправи. Тој извести дека работната група прецизно ги дефинирала техничките услови, по што судот спровел постапка со објава во јавно гласило на ЕУ, по што е добиена само една понуда која што согласно извештајот и разговорите водени со комисијата е утврдено дека ги исполнува бараните услови. Тој истакна дека со оглед на фактот што понудената цена е повисока од првично предвидената, судот побарал известување од единствениот економски оператор за зголемената цена, кое известување е доставено во прилог на Известувањето од Управниот суд, каде од образложението прозилегува дека цените на компјутерската опрема се значително пораснати, видно и од компаративен приказ на цени од 2019-та година. Тој исто така посочи дека од табеларниот приказ за испорачан софтвер Фемида може да се заклучи дека цената понудена во оваа групна набавка е поефтина за 10 до 20% отколку цената за поединечно спроведените постапки во неколку судови во 2019-та и 2020-та година.

Претседателот на Управниот суд извести дека на неодамнешната студиска посета во Словенија имал можност да види како таму функционира системот за аудио визуелно снимање, укажувајќи дека со ефикасно функционирање на овој систем може да се избегнат многу трошоци поврзани со судските постапки, објаснувајќи дека странките ќе

можат да ги добијат податоците од рочиштата на усб стик, без потреба истите да се принтаат.

Тој истакна дека е задоволен со досегашниот тек на постапката, напоменувајќи дека истата е спроведена на најтранспарентен начин и со учество на информатичарите од судовите кои дале огромен придонес со своето знаење и искуство во делот на определување на техничките услови. Согласно тоа тој очекува успешно да биде завршената целокупната постапка за групна јавна набавка и успешно да биде спроведен договорот за групна јавна набавка.

Во продолжение за збор се јави Претседателот на АС Битола кој најпрво извести дека проблемот во врска со спроведување постапки за јавни набавки веќе го надминале на начин што еден од вработените стручни соработници стекнал лиценца и дека тој веќе е вклучен во работењето со јавни набавки за потребите на овој суд. Во врска со известувањето од Управниот суд за повисока цена од првично предвидената за групната јавна набавка, тој посочи дека тоа било очекувано со оглед на постојаните промени во цените. Тој посочи дека евентуално повлекување од постапката за групна јавна набавка поради повисоки износи на цени, според него ќе предизвика потешки последици и застој во работата. Беше истакнато дека тој се согласува со тоа да се зголеми износот на средства за јавна набавка доколку има можност за тоа, бидејќи сегашната состојба во судовите во однос на снимањето на рочишта е доста лоша. Според него со завршување на групната јавна набавка ќе се обезбедат услови за реализирање на законските и на другите обврски спрема странките, ќе се добие едно помодерно и поквалитетно расправање на начин што услугата на увид ќе ја имаат адвокатите и странките, што ќе доведе до убрзување на судските постапки. Тој уште еднаш посочи дека доколку во буџетот има средства, се согласува да се обезбедат бараните дополнителни средства со цел да се реализира набавката.

Претседателката на СБС укажа дека е неспорна потребата од воведување на системите за аудио и визуелно снимање на расправите, бидејќи тоа е законска обврска и е во интерес на граѓаните, а оттаму и неспорна е целта поради која оваа групна јавна набавка треба да биде овозможена. Меѓутоа таа даде забелешка дека во изминатите 5 години одредени судници кои претходни биле опремени не ја користеле опремата рационално и ефикасно, ниту пак се вршела контрола за сеопфатното користење на опремата. Таа посочи дека за оваа групна јавна набавка се одделуваат значајни износи на средства, поради што откако судниците ќе бидат опремени за снимање, тие ќе мора ефикасно да се користат, укажувајќи дека таа ќе се залага да бидат вршени редовни контроли за употреба на опремата. Беше објаснето дека врз основа на дописот од ИЦС Консалтинг Инженеринг произлегува дека се оправдани причините за зголемување на цените, согласно покачените цени на материјалите и на услугите, во споредба со цените од претходната година. Таа укажа дека во Законот за јавни набавки нема ограничување во овој дел, а доколку се има во предвид заложбата за

отвореност на судењата, како и за децидно спроведување на правата на странките и почитување на процесните закони, таа е согласна да се постапи согласно известувањето од Управниот суд, со повторно укажување дека во иднина ќе се врши контрола колку судовите ја употребуваат опремата за снимање.

Бидејќи никој друг во продолжение не побара збор, Претседателката на СБС даде предлог да се усвои **Известувањето од Управен суд Су-09.бр.0302-32/12-6 од 08.02.2024 година, по што констатираше дека истото е усвоено со 9 гласа „За“.**

Во продолжение Претседателката на СБС постави процедурално прашање дали на оваа седница може да се донесе одлука за измена на годишната програма за капитални расходи со оглед дека таква точка не била поставена на дневен ред.

Членовите на Советот се согласија дека е подобро да се закаже друга итна седница на која ќе биде поставена предлог одлука за измена на програмата за капитални расходи. Тие се согласија седницата да биде закажа во истиот ден, по 30 минути пауза, а за тоа веднаш по маил да бидат известени отсутните членови на Судскиот буџетски совет.

**2. Разно.**

Бидејќи во продолжение од членовите не побара збор под точката Разно, Претседателката на Судскиот буџетски совет ја заклучи 220-та итна седница на Судскиот буџетски совет.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Тонската снимка е составен дел од овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

***Весна Дамева***